# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

јули, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 01.07.2019 година, на рочиштето за главен претрес се изведоа како докази искази на сведоци кои што биле дадени на записник во претходната постапка.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што 2 обвинети не се спроведени од притвор како и поради непотполн судечки совет.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 05.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 09.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-7/19

На 05.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што предметот е се уште во Врховен суд и поради отсуство на дел од обвинети и нивни бранители. Судот донесе решение за спојување на постапката со предметот „Змиско око 2“.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 02.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради неспроведување на обвинетиот од притвор.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 04.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТРЕВНИК“ КБР.238/18

На 02.07.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 04.07.2019 година беше јавно објавена пресудата. Судот донесе ослободителна пресуда за тројцата обвинети во овој предмет.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 09.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради преклопување на предмет во кој суди ист претседател на судечки совет.

На 10.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради оправдано отсуство на обвинет.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 03.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден обвинет.

На 09.07.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани вкупно 4 сведоци како дополнителни докази на Специјалното јавно обвинителство.

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа сослушани вкупно четири сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 05.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со сослушување на двајца сведоци.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 08.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази од страна на Специјалното јавно обвинителство.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 08.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради недостиг на технички советник за поставување на опрема за визуелно тонско снимање.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 01.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше сослушан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „БОЖИНОВСКИ “ КОК-46/19

На 12.07.2019 година, главниот претрес беше одложен поради отсуство на двајца повикани сведоци.

## „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ КБР.1816/18

На 04.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ЛИКВИДАЦИЈА“ КОК-38/19

На 02.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ КБР.817/11

На 04.07.2019 година, на рочиштето за главен претрес беа изведени материјални докази.